*НН: Избрани аматерските филмови кои ќе ја претставуваат Македонија на 73 фестивал UNICA 2011*

## Н: Патот на надежта води во Луксембург

*ПН: На јубилејниот 40 државен фестивал на непрофесионален филм од 33 филма, GRAND PRIX наградата ја освои документарниот филм на Анита Ѓорѓиеска под наслов "Патот на надежта". Овој филм, заедно со уште 5 други филма беа избрани од уметничкиот совет на Кино Сојузот на Македонија да ја претставуваат националната селекција на Интернационалниот фестивал UNICA 2011 кој ќе се одржи во Луксембург. Филмот "Кукуригу", дело на група автори, ќе не претставува на светскиот куп на едноминутни филмови.*

На 21 и 22 Мај во Кичево се одржа 40 државен фестивал на непрофесионален филм во организација на Кино Сојуз на Македонија, Народна Техника на Македонија и Народна Техника Кичево. Жирито кое ги селектираше филмовите за избор во официјалната конкуренција го сочинуваа: Илинденка Петрушева (филмски критичар и претседател на жирито), Саша Дукоски и Сенад Абдули.

Според претседателот на Кино Сојузот на Македонија, Саша Дукоски, како главен организатор на фестивалот, пристигнаа 33 филма, од 27 автори од кои 16 самостојни автори, додека останатите членови на 3 кино клубови. "Филмовите им припаѓаа на некоја од следните категории: документарен, краток игран филм, експериментален, анимиран-цртан филм и едноминутен филм. Во официјална конкуренција беа примени 16 филма од кои Grand Prix наградата ја освои филмот Патот на надежта на Анита Ѓорѓиеска, етнолог од Куманово. Прекрасниот 12 минутен документарец зборува за животот на луѓето во селото Длабочица, под Герман планина, реалистично ни ги отсликува тешките услови за живот таму, и многу искрено, а на моменти и хумористично, ни ја претставува нивната трогателна борба за биолошко преживување, заради неможноста да пронајдат брачен партнер", вели Дуковски.

Заедно со овој филм кој освои и Златна плакета за режија, уште 5 други беа избрани од уметничкиот совет на Кино Сојузот на Македонија да ја претставуваат националната селекција на 73 Интернационален фестивал UNICA 2011, кој ќе се одржи во Луксембург. Филмот "Помогни ми да ти помогнам", на авторот Богоја Стојковски Пустореকански, кој освои Златна плакета во категоријата на документарни филмови, филмот "Колку прекрасен свет" на авторката Марина Трајковска, кој освои Златна плакета во категоријата на краток игран филм, анимираниот филм "Замрзната љубов" на авторката Кристина Даниловска, кој освои Златна плакета во категоријата анимиран-цртан филм, и филмот "Парадоксот" на авторот Љупчо Петровски, кој освои сребрена плакета во категоријата краток игран филм. Филмот "Кукуригу", дело на авторите Дејан Џолев, Влатко Артисто и Крсто Златков, кој освои Златна плакета во категоријата едноминутен филм, ќе не претставува на светскиот куп на едноминутни филмови.

На фестивалот беа доделени и авторски награди, како на пример: со Златна плакета за сценарио беше награден авторот Александар Стојановски Цули, за филмот под наслов "(За)Лет"; Златна плакета за камера му беше доделена на авторот Влатко Цикоски за филмот под наслов "Женска планина"; Златна плакета за монтажа и беше доделена на авторката Марина Трајковска за филмот под наслов "Уметноста ќе го најде својот пат"; Златна плакета за звук му беше доделена на авторот Петре Чаповски за филмот под наслов "Поетот од Дренок" и диплома за идеја му беше доделена на авторот Рахим Рамадани за филмот под наслов "Денот на пролетта", кој воедно освои и сребрена плакета во категоријата на документарни филмови.

Квалитетот на филмовите на овогодинешниот фестивал пријатно изненади, според зборовите на претседателката на жирито и еминентен филмски критичар Илинденка Петрушевска. "Имавме многу добри филмови, и работата на жирито беше олеснета, повеќето од нашите одлуки беа донесувани едногласно, за разлика од ситуации во минатото кога нашите ставови се разидуваа и многу тешко се согласуваме. Тоа е многу јасен знак дека годинашниве филмови беа многу квалитетни. Но она што е симптоматично е дека на првиот фестивал кој се одржа во 1964 и на 40тиот фестивал се правија 33 филма, и во двата случаи меѓу пријавените имаше членови од 3 кино клубови, но со таа разлика што оваа година имавме голем број на самостојни автори. Во изработката на филмографијата на Македонскиот аматерски филм јас наведувам случаи кога на еден ваков фестивал се појавуваат претставници и од 10 до 12 кино клубови. Пријавувањето на само 3 оваа година укажува на фактот дека кино клубовите не работат, под притисок на проблеми со кои се соочуваат од кои најочигледен е финансискиот. Лично ми е многу тешко што не се препознава важноста што овие клубови привлекуваат млади луѓе кои своето слободно време го посветуваат на креативна работа, наместо да се впуштат во деструктивни активности од кои сите стравуваме, а од кои најстрашната е користењето на дрога. Многу ми е жал што и покрај очекувањата немавме пријавени филмови од кино клубовите од Струмица и од Штип и иако не сум човек кој сака да ги употребува зборовите треба и мора, сепак навистина треба нешто да се направи за да им се помогне на кино клубовите низ Македонија да ги привлечат младите луѓе. И самиот факт што се одржа 40тиот фестивал е извонреден, знаејќи колку лесно сме можеле да запреме на 30титот или 33тиот. Прекрасно е што на овој фестивал ги имавме доајените како што се Петре Чаповски и Богоја Стојковски Пустореკански кои се мајстори на аматерскиот филм, но имаше и многу млади луѓе кои освоија награди. За мене тоа е убавото, во националната селекција која ќе не претставува на UNICA 2011 ја имаме Анита Ѓорѓиеска која учествува неколку години station наназад, го имаме доајенот Богоја Стојковски Пусторекански, но ги имаме овие најмладите кои изработуваат анимирани филмови. Со обзир дека напоменав на почетокот, квалитетот на филмовите воодушеви, особено се забележа напредок во филмскиот израз, а имаме застапеност од сите возрасти, јас сум воодушевена од годинешниов фестивал”, изјави Петрушевска.

Со Роберт Јанкуловски, извршен директор на Кино Сојузот на Македонија, поразговаравме околу можноста да се поддржи и развие овој квалитет кај авторите. "Ми се чини дека заради неможноста да функционираат кино клубовите, од ред причини, сигурно најмногу од финансиски, ги препуштаме младите ентузијасти на самите себе си. Сосема се согласувам со претседателката на жирито Петрушевска, кога вели дека ние треба да ги научиме младите за основите на филмскиот израз, а потоа да ги пуштиме да ги развиваат понатаму и да експериментираат. Кино клубовите беа тие кои таа едукација им ја овозможуваа на младите луѓе, но сега тие се снаоѓаат како што знаат и умеат, преку филмски колонии или каде што ќе најдат можност, а во краен случај, имаме и самоуки автори кои покажуваат неверојатен потенцијал. Ние организаторите на фестивалот се трудиме да помогнеме колку што можеме. Во таа насока овозможивме стипендии за сите наградени за студии на Факултетот за филмски уметности ЕСРА, а обезбедивме и едукација за анимација на наградениот кино клуб во таа категорија", вели Јанкуловски.

Организаторите задоволни од фестивалот. Кристина Спасевска, претседател на Сојузот на здруженија за техничка култура или попопуларно Народна Техника на Македонија, вели: " Ги поддржуваме активностите на сите свои членови, оттука нашата заложба да го поддржиме Фестивалот на аматерски филм кој е една од активностите на Кино Сојузот на Македонија кој е наш член. Ова е јубилеен 40 Државен фестивал на непрофесионален филм кој годинава се одржа во Кичево и ја поздравуваме успешната и професионална организација. Заедно со Кино Сојузот, и ние славиме јубилеј, 65 години од формирањето на Народна техника на Македонија што пригодно ќе го одбележиме кон крајот на годината, се надеваме со

донесувањето на Декларацијата за поддршка на техничката култура во Собранието на Република Македонија. Народна техника на Македонија ќе ги поддржи и понатаму заложбите на Кино Сојузот за афирмирање на аматерскиот филм", вели Спасевска.

Според главниот организатор на Фестивалот, Дукоски, кому му беше доделена специјална награда на UNICA 2010 за заложбите за развивање и промовирање на аматерскиот филм во Македонија, конкурсот за 41иот Државен Фестивал за непрофесионален филм ќе биде објавен најдоцна до март 2012, а поединостите ќе можат да се најдат на веб страницата на Кино Сојузот на Македонија.